РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 14.04.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2727/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Ели Танова
Љупчо Прентов
Бране Петрушевски
Feride Haxhiu

[1] 08-2727/1 [2026]

Предлагач: група на пратеници

Предлог на закон
за изменување и дополнување на  Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка

Скопје, април 2026 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15/, 104/15, 215/15 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/19, 261/19/, 89/22, 65/23, 147/24, 241/24 и 258/25) се уредува доделувањето на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, правната заштита за секое лице кое има или имало интерес за добивање на таков договор и кое ризикувало или ризикува да биде оштетено во постапката за доделување на таков договор, како и други прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Имајќи ги во предвид целите за одржлив развој дефинирани во рамките на „Агендата 2030 за одржлив развој“, донесена од страна на Генералното собрание на Обединетите нации и усвоена од сите земји членки на Обединетите нации како долгорочни развојни цели за периодот 2015-2030 и конкретната цел 7: „Да се обезбеди пристап до прифатлива, сигурна, одржлива и модерна енергија за сите“ се наметнува потребата да се предвидат законски одредби кои се однесуваат на воспоставување на јавно приватно партнерство со цел достигнување на глобалните цели и согласно „Модел законот на Обединетите нации за јавно приватно партнерство и концесии“ да се предвиди можност за воспоставување на јавно приватно партнерство на иницијатива на приватен партнер, како алатка за достигнување на овие поставени цели. Ова дотолку повеќе што, Националната развојна стратегија 2024-2044 која поставува јасна насока за долгорочен развој на Република Македонија и ги претставува визијата и патоказот за нашата земја за следните 20 години, исто така ги идентификува и клучните предизвици и државните приоритети, особено имајќи ја предвид заложбата за одржлив развој преточена во Агендата 2030. Во контекст на горенаведеното е и потребата со Предлог законот да се изврши и допрецизирање и номотехничко усогласување на истиот.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основни цели на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство е да се овозможи активен ангажман и инвестиции од приватниот сектор во реализација на јавните проекти, преку воведување на одредби кои даваат можност за воспоставување на јавно приватно партнерство на иницијатива на приватен партнер.

Предлогот на закон се заснова на начелата на транспарентност, недискриминација, пропорционалност, ефикасност, еднаков третман и меѓусебно признавање.

Основните решенија на Предлогот на закон се во насока на:

- Финансиска поддршка: Приватните компании можат да обезбедат значајни финансиски ресурси што се неопходни за развој и реализација на проектите, што го намалува товарот врз државниот буџет.
- Иновативност и ефикасност: Приватниот сектор има повеке мотиви и искуство да имплементира иновативни решенија и да управува со проектите ефикасно, што води до подобри услуги и пониски трошоци.

- Споделување на ризикот: ЈПП им овозможува на јавните и приватните партнери да го споделат ризикот од реализација на проектите, што ја зголемува шансата за успешно завршување.

- Стручност и одговорност: Приватните партнери доаѓаат со свои експертски знаења и вештини, што придонесува за подобра организација и управување на проектите.

- Стимулирање на конкуренцијата: Привлекувањето приватни инвеститори создава конкуренција, што доведува до подобар квалитет на услугите и подобри услови за граѓаните.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство не предизвикува финансиски импликации врз Републичкиот буџет.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на законза изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Член 1

Во Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ број 6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 153/19, 261/19, 89/2022, 65/2023,147/24, 241/24 и 258/25) во член 4 во ставот 2 во точката 18 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка запирка.
Во точката 19 точката на крајот од реченицата се заменува со точка запирка и се додаваат три нови точки 20., 21. и 22 кои гласат:

„20 „Институционално јавно приватно партнерство“ е форма на спроведување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство кој предвидува соработка помеѓу јавен партнер и приватен партнер преку заедничко вложување во трговско друштво, кое е носител на спроведување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство;

„21 „Приватен иницијатор” е секое правно или физичко лице или конзорциум кое поднесува самоиницијативен предлог за воспоставување на јавно приватно партнерство и.

„22 „Самоиницијативен предлог” е предлог за воспоставување на јавно приватно партнерство поднесен од страна на приватниот иницијатор по сопствена иницијатива.“.

Член 2

Во член 5 ставот 3 се менува и гласи:

„Јавно приватно партнерство се воспоставува како договорно јавно приватно партнерство или како институционално јавно приватно партнерство.“.

Член 3

Во членот 12 по ставот 4 се додаваат два нови става 5 и 6 кои гласат:

„Во случај на институционално јавно приватно партнерство во тендерската документација се определува формата на правното лице, соодносот на висината на капиталот, соодносот на обврските на најповолниот понудувач и јавниот партнер во врска со неговото основање, како и другите односи кои произлегуваат од основањето на правното лице согласно Законот за трговските друштва.

Во случајот од ставот 5 на овој член, нацрт договорот за основање на друштвото за посебна намена е составен дел на тендерската документација. Во нацрт договорот ќе бидат уредени соодветните права и обврски на секој партнер во друштвото за посебна намена, а особено, нивото на јавно учество во содружничкиот капитал на друштвото за проектот и очекуваниот износ на јавно финансирање односно друг вид на јавна поддршка.“.

Член 4

Во членот 15-б во алинејата 3 сврзникот „и“ се заменува со точка. Во алинејата 4 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“ и по алинејата 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:

„ – во случај на самоиницијативен предлог, информација дека постапката се спроведува врз основа на самоиницијативен предлог .“

Член 5

Во членот 16 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Подготвителните работи за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство може да се спроведат и врз основа на самоиницијативен предлог од страна на приватен иницијатор согласно членот 16-а од овој закон.“.

Во ставот 2 кој станува став 3 алинејата 1 се менува и гласи:

„ - подготовка на извештај за претходна анализа за основните елементи на проектот кој се показатели за природата на договорот што треба да биде склучен со цел воспоставување на јавно приватно партнерство, врз основа на секундарни податоци за финансиската и економската исплатливост и потенцијалниот успех на проектот, кои се однесуваат на неговата потенцијалната изводливост во однос на правните и техничките аспекти. “.

Ставот 3 станува став 4.

Член 6

По членот 16 се додаваат четири нови члена 16-а, 16-б, 16-в и 16-г кои гласат:

„Член 16-а

Поднесување на самоиницијативен предлог

Приватен иницијатор може во секое време да поднесе самоиницијативен предлог за воспоставување на јавно приватно партнерство кој минимум треба да содржи податоци за природата на проектот, јавната инфраструктура која ќе се развие и јавните услуги кои ќе се обезбедуваат, можните сценарија, техничката и финансиската изводливост на проектот и усогласеноста со јавниот интерес во согласност со членот 16 став 3 алинеја 1.

Приватниот иницијатор, самоиницијативниот предлог од ставот 1 на овој член го доставува до јавниот партнер заедно со физибилити студија за оправданост за доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство.

Самоиницијативниот предлог се поднесува до јавниот партнер, односно органот надлежен за спроведување на проект за јавна инвестиција соодветно на предметот на јавно приватно партнерство.

Самоиницијативниот предлог не може да се однесува на проект кој е дел од програма за работа и/или друг плански или стратегиски документ на јавниот партнер, проект

подготвен од страна на јавен партнер или проект за кој е започната постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Член 16-б

Преглед и разгледување на самоиницијативен предлог

По приемот на самоиницијативниот предлог, јавниот партнер е должен во рок од 30 дена од приемот на истиот да изврши преглед и оценка на самоиницијативниот предлог и физибилити студијата за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство доставени од приватниот иницијатор.

При прегледот на самоиницијативниот предлог и физибилити студија за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство, јавниот партнер може да го повика приватниот иницијатор за доставување на дополнителни информации во врска со самоиницијативниот предлог.

Приватниот иницијатор е должен во рок од 10 дена од приемот на барањето од јавниот партнер за доставување на дополнителни информации во врска со самоиницијативниот предлог и физибилити студијата за оправданост за доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство од ставот 2 на овој член да ги достави бараните информации до јавниот партнер.

Во случаите од ставот 3 на овој член, рокот од ставот 1 на овој член започнува да тече од денот кога приватниот иницијатор ќе ги достави бараните информации до јавниот партнер.

Доколку приватниот иницијатор во рокот од ставот 3 на овој член не ги достави бараните информации до јавниот партнер, нема да се пристапи кон разгледување на самоиницијативниот предлог и физибилити студијата за оправданост за доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство и јавниот партнер го известува приватниот иницијатор во рок од 5 дена од истекот на рокот од ставот 3 на овој член дека самоиницијативниот предлог и физибилити студијата за оправданост за доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство нема да се разгледуваат и целокупната доставената документација ќе му биде вратена на приватниот иницијатор.

Доколку при прегледот од ставовите 1, 2 и 3 на овој член, јавниот партнер утврди дека самоиницијативниот предлог и физибилити студија за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство не содржат доволно информации за детално испитување и доколку проектот не ги исполнува условите од членот 16-а од овој закон, нема да пристапи кон разгледување на самоиницијативниот предлог и јавниот партнер во рок од 5 дена го известува приватниот иницијатор дека самоиницијативниот предлог и физибилити студија за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство нема да се разгледуваат и целокупната доставената документација ќе му биде вратена на приватниот иницијатор.

Доколку при прегледот од ставовите 1, 2 и 3 на овој член, јавниот партнер утврди дека самоиницијативниот предлог и физибилити студијата за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство содржат доволно информации за детално испитување и доколку проектот ги исполнува

условите од членот 16-а од овој закон, е должен во рок од 30 дена од денот на прегледот и оценката на самоиницијативниот предлог и физибилити студијата за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство,да утврди дали истите се прифатливи.

Кога јавниот партнер ќе утврди дека самоиницијативниот предлог и физибилити студијата за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство се прифатливи за истото го известува приватниот иницијатор.

Кога јавниот партнер ќе утврди дека самоиницијативниот предлог и физибилити студијата за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство не се прифатливи за истото го известува приватниот иницијатор и му ја враќа целокупната доставена документација за самоиницијативниот предлог поднесен од негова страна .

Јавниот партнер при разгледување на самоиницијативниот предлог и физибилити студијата за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство треба да ја почитува интелектуалната сопственост, трговските тајни или другите ексклузивни права содржани во, кои произлегуваат од или се наведени во самоиницијативниот предлог.

Кога од страна на јавниот партнер ќе се изврши прифаќање на самоиницијативниот предлог и физибилити студијата за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство, јавниот партнер нема да ги користи информациите дадени од или во име на приватниот иницијатор во врска со проектот, освен за евалуација на предлогот и освен доколку приватниот иницијатор не се согласи поинаку.

Кога јавниот партнер ќе ги прифати самоиницијативниот предлог и физибилити студијата од ставот 1 на овој член, истиот го известува приватниот иницијатор дека самоиницијативниот предлог и физибилити студијата за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство се прифатливи и го задолжува во рок од 5 дена од приемот на известувањето да достави потпишана изјава дека му ги пренесува на располагање на јавниот партнер сите права на интелектуалната сопственост, трговските тајни или другите ексклузивни права содржани во, кои произлегуваат од или се наведени во самоиницијативниот предлог и физибилити студијата за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство.

Член 16-в

Постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство врз основа на самоиницијативен предлог

Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство врз основа на самоиницијативен предлог се спроведува согласно одредбите од овој закон.

Во огласот за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство и во тендерската документација, задолжително се наведува дека постапката се спроведува врз основа на самоиницијативен предлог и поволноста од ставот 5 на овој член која приватниот иницијатор може да ја користи.

Приватниот иницијатор има право да учествува во постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство која се спроведува врз

основа на самоиницијативен предлог поднесен од негова страна. Приватниот иницијатор учествува во постапката под еднакви услови како и сите други заинтересирани економски оператори и неговата понуда се оценува согласно истите услови и критериуми утврдени во тендерската документација.

Приватниот иницијатор може да оствари поволност како надомест за вложените ресурси, идеи и проектни решенија изработени во подготовката на самоиницијативниот предлог само доколку при евалуација на понудите во постапката за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, неговата понуда е оценета за прифатлива согласно условите и критериумите утврдени во тендерската документација.

Приватниот иницијатор како надоместок за вложените ресурси, идеи и проектни решенија изработени во подготовката на самоиницијативниот предлог може да користи поволност како првенствено право да ја изедначи својата понуда со иницијалната најповолна понуда поднесена од друг економски оператор.

Користењето на поволноста од ставот 5 на овој член се утврдува во одлуката за започнување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство и се објавува во огласот и тендерската документација.

Јавниот партнер е должен да обезбеди дека доделувањето на поволноста од ставот 5 на овој член не влијае на фер третманот на другите понудувачи и не доведуваат до исклучување или обесхрабрување на потенцијални економски оператори.

Доколку во постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство врз основа на самоиницијативен предлог, за најповолна понуда е избрана понудата на приватниот иницијатор со користење на поволноста од ставот 5 на овој член, истото задолжително се наведува во одлуката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Член 16-г

Поволност за приватниот иницијатор за подготовка на самоиницијативен предлог

Кога во одлуката за започнување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, огласот и тендерската документација е утврдена можност за користење на поволноста од членот 16-в став 5 на овој закон и иницијалната најповолна понуда не е поднесена од страна на приватниот иницијатор, во рок од 15 дена по приемот на известувањето од страна на јавниот партнер, приватниот иницијатор може да ја искористи поволноста од членот 16-в став 5 на овој закон и да биде избран за најповолен понудувач ако прифати дека ќе го исполнува договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство согласно истите услови од иницијалната најповолна понуда.

Во случај приватниот иницијатор да не е избран за најповолен понудувач, документираните и разумни трошоци за подготовка на извештајот за претходна анализа и физибилити студијата за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавното приватно партнерство ги покрива најповолниот понудувач во рок од 30 дена по склучување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, а во сите останати случаеви приватниот иницијатор нема право на надомест на кои било трошоци поврзани со подготвителните работи од членот 16 од овој закон и со постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Во случај приватниот иницијатор да ја искористил поволноста од членот 16-в став 5 на овој закон и со тоа е избран за најповолен понудувач во постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, истиот е должен во рок од 30 дена по склучување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, да му ги надомести документираните и разумни трошоци за подготовка на понудата на понудувачот кој ја има поднесено иницијалната најповолна понуда.

Висината на надоместокот на документираните и разумни трошоци за подготовка на понудата се утврдува врз основа на соодветни докази кои понудувачот од ставот 3 на овој член е должен да ги достави до приватниот иницијатор кој ја искористил поволноста од членот 16-в став 5 на овој закон и со тоа е избран за најповолен понудувач во постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.“.

Член 7

Во член 17 во ставот 2 зборовите:„ студијата од членот 16 став 2 алинеја 3“ се заменуваат со зборовите:  „ студијата од член 16 став 3 алинеја 2“.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство е систематизиран во 8 члена.

Со членот 1 се врши дополнување и прецизирање на членот 4 со воведување на дефиниции за институционално јавно приватно партнерство, приватен иницијатор и самоиницијативен предлог.

Со членот 2 се врши допрецизирање на членот 5 во однос на тоа дека јавно приватно партнерство може да се воспоставува како договорно јавно приватно партнерство или како институционално јавно приватно партнерство.

Со членот 3 се врши дополнување на членот 12 со два нови става со кои се уредуваат условите и начинот на формирање на друштвото за посебна намена во случај на институционално јавно приватно партнерство.

Со членот 4 се врши дополнување на членот 15-б во однос на обврската на јавниот партнер во случај на самоиницијативен предлог, во тендерската документација и поканата за учество на електронска аукција да вклучи и информација дека постапката се спроведува врз основа на самоиницијативен предлог.

Со членот 5 се дополнува членот 16 со одредба со која се дава можност подготвителните работи за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство да се спроведат и врз основа на самоиницијативен предлог од страна на приватен иницијатор.Воедно се врши и допрецизирање на содржината на Извештајот за претходна анализа како сегмент од подготвителните работи за реализација на проекти за јавно приватно партнерство.

Со членот 6 се додаваат четири нови члена 16-а, 16-б, 16-в и 16-г со кои се регулира поднесувањето, прегледот и разгледување на самоиницијативен предлог, како и постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство врз основа на самоиницијативен предлог и поволноста која може да му се даде на приватниот иницијатор како награда за подготовка на самоиницијативен предлог.

Со членот 7 се врши номотехничко усогласување на членот 17 во однос на повикувањето на одредби од членот 16.

Со членот 8 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се овозможи активен ангажман и инвестиции од приватниот сектор во реализација на јавните проекти, преку воспоставување на јавно приватно партнерство на иницијатива на приватен партнер. Имено, приватната иницијатива е важен фактор за успешна реализација на проекти за јавно приватно партнерство, обезбедувајќи капитал, иновации, ефикасност и одговорност која е неопходна за одржлив развој на јавните услуги и инфраструктура.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 4

Дефиниции

Значењето на изразите дефинирани во Законот за јавни набавки соодветно ќе се применуваат и на овој закон, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1. “Концесија за јавна работа” - е договор од ист вид како договорот за јавна набавка на работи, освен што надоместокот за тие работи се состои во право на користење на тие работи или од тоа право заедно со плаќање.

2. “Концесија за јавна услуга” - е договор од ист вид како договорот за јавна набавка на услуги, освен што надоместокот за тие услуги се состои во право на користење на тие услуги или од тоа право заедно со плаќање.

3. “Концесија на добра од општ интерес“- е договор различен од концесијата за јавна работа и концесијата за јавна услуга која за предмет има доделување на право на користење на добра од општ интерес.

4. “Јавно приватно партнерство“ - има значење како што е понатаму опишано во овој закон.

5. “Јавен партнер” - е правно лице кое доделува договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, и тоа:

- Република Македонија;

- општината, градот Скопје и општините во градот Скопје;

- јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва основани од Република Македонија, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и друштва врз кои државата или органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно поседуваат поголем дел од капиталот на друштвото, имаат мнозинство гласови на акционерите/содружниците и именуваат повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото и

- други правни лица кои согласно закон вршат јавни овластувања во делот на вршењето на јавните овластувања.

6. ”Концедент” - е субјект кој доделува концесија на добра од општ интерес, и тоа:

- Република Македонија; и

- општина, градот Скопје и општините во градот Скопје.

7. "Приватен Партнер" - е домашно или странско правно или физичко лице или конзорциум

со кого јавниот партнер склучува договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, или кој за таа цел основа Друштво за посебна намена.

8. “Концесионер” - е домашно или странско правно или физичко лице или конзорциум со кого се склучува договор за концесија на добра од општ интерес или кој за таа цел основа Друштво за посебна намена.

9. “Економски оператор“ – е секое домашно или странско правно или физичко лице или група на такви лица кое на пазарот нуди стоки, услуги или работи.

10. “Понудувач“ – е секој економски оператор кој поднел понуда.

11. “Овластен потписник” – е лице кое е овластено од страна на јавниот партнер или концедентот да склучи договор за воспоставување на јавно приватно партнерство или договор за концесија на добра од општ интерес.

12. “Надлежност” – се овластувања и должности и упатување на извршување на функциите и извршувањето на должностите на концедентот односно јавниот партнер.

13. “Посебен закон“ – е закон со кој се уредуваат прашањата поврзани со концесиите кои се доделуваат во областа која ја уредува тој закон.

14. “Друштво за посебна намена“ – е трговско друштво кое може да го основа приватниот партнер или концесионерот со цел за склучување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство или концесија на добра од општ интерес и/или за реализација на јавно приватно партнерство или концесија на добра од општ интерес (Во понатамошниот текст: “ДПН“).

15. “Конзорциум“ – е група на економски оператори кои заеднички поднесуваат понуда или барање за учество, без притоа да претставуваат посебна правна форма.

16. “Прифатлива понуда“ – е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, услови и евентуални барања за способноста на понудувачите.

17.„Електронска аукција“ е повторлив процес на позитивно или негативно наддавање кој се реализира по првична целосна евалуација на понудите, во кој понудувачите имаат можност, исклучиво со користење на електронски средства да ги ревидираат дадените цени, така што рангирањето се врши автоматски со помош на електронски средства“

18. "Изградба" – е изведба на градежни активности или изградба на објект, дизајн и изведба на активности за изградба или дизајн и изградба на објект или реализација со било какви градежни средства кои одговараат на барањата одредени од страна на јавниот партнер и која сама по себе исполнува одредени технички и економски функции и

19. "Објект" – е резултат на изградба или постојна јавна инфраструктура во сопственост или поседувана од страна на јавен партнер или јавна инфраструктура која ќе биде реализирана според договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Член 5

Јавно Приватно Партнерство

Јавно Приватно Партнерство – значи форма на договорно регулирана, долгорочна соработка помеѓу јавниот партнер и приватниот партнер, која се карактеризира со следново:

а) приватниот партнер ја презема обврската да обезбеди јавна услуга за крајните корисници во области од надлежност на јавниот партнер и/или обврската да обезбеди за јавниот партнер неопходни предуслови за давање на јавна услуга на крајните корисници и/или активности од негова надлежност,

б) со цел исполнување на обврските од точка а) од овој член, приватниот партнер може да преземе обврска да:

- финансира, дизајнира, изгради или/и реконструира/реновира објект на јавна инфраструктура, работи и одржува нов објект или/и реконструиран/реновиран објект на јавна инфраструктура, или

- користи, управува и одржува постоен објект на јавна инфраструктура, или

- било која комбинација на горе наведените обврски се додека комбинацијата на тие обврски е со цел за исполнување на целите поставени во точка а) од овој член,

в) при преземање на обврската од точките а) и б) од овој член, приватниот партнер вообичаено презема значаен дел од ризиците поврзани со финансирање, изградба, побарувачка или/и достапност и други такви дејствија, управување, одржување и технички ризици, зависно од договореното при воспоставување на јавното приватно партнерство и се определува од случај до случај,

г) секој партнер во јавно приватно партнерство за времетраење на јавното приватно партнерство ќе преземе одговорност за ризични настани кои се во негова сфера на влијание, или одговорноста се дели со цел постигнување оптимално управување на ризикот за времетраењето на партнерството, помеѓу другото, со користење на управувачки, технички, финансиски и иновациски способности на приватниот партнер и со промовирање на размена на вештини и знаење-искуство помеѓу јавниот и приватниот партнер, без истото да е во спротивност со точка в) од овој член.

д) во замена за преземените обврски јавниот партнер може да додели на приватниот партнер концесија за јавна работа или концесија за јавна услуга, или да му надомести преку плаќање.

ѓ) јавниот партнер исто така може да му овозможи на приватниот партнер да изведе одредени комерцијални економски активности, покрај обврските од точките а) и б) од овој член, утврдени во договорот, но само ако не постои друг можен начин да се обезбеди неопходно ниво на ценовна ефикасност на приватното учество и разумен поврат на инвестицијата.

е) јавниот партнер може да пренесе одредени стварни права на приватниот партнер, неопходни за извршување на договорно поставените обврски.

Зависно од намената на средствата за надоместување од страна на јавниот партнер за обезбедување на јавна работа и/или јавна услуги, како и распределбата на клучните постојни ризици, јавното приватно партнерство може да се воспостави како:

1. Концесија за јавна работа, или

2. Концесија за јавна услуга, или

3. Договор за јавна набавка на работа, или

4. Договор за јавна набавка на услуга.

Јавно приватно партнерство се воспоставува со договор.

Член 12

Друштво за посебна намена

Друштвото за посебна намена може да учествува единствено во реализација на јавно приватно партнерство или концесија заради која е основано.

Кога приватниот партнер или концесионерот основа ДПН, јавниот партнер или концедентот, договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство или договорот за концесија на добра од општ интерес може да го склучи со ДПН.

Јавниот партнер или концедентот со одлуката за започнување на постапката и во тендерската документација може да определи правното лице или конзорциумот кој е избран за најповолен понудувач да основа правно лице со седиште во Република Македонија, кое како приватен партнер или како концесионер ќе го склучи договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, или договорот за концесија на добра од општ интерес.

Во случајот од ставот 3 на овој член во тендерската документација ќе се определи формата на правното лице (приватен партнер или концесионер), висината на капиталот, обврските на најповолниот понудувач во врска со неговото основање, како и другите односи меѓу најповолниот понудувач, правното лице – приватен партнер или концесионер и јавниот партнер или концедент.

Член 15-б

Јавниот партнер должен е во тендерската документација или во поканата за учество на електронска аукција да ги вклучи:

- делот на понудата кој ќе биде предмет на електронска аукција, под услов истиот да може да се определи и изрази во бројки или проценти,

- информациите кои ќе им бидат достапни на понудувачите во текот на електронската аукција и кога овие информации ќе им бидат достапни,

- соодветни информации за спроведувањето на електронската аукција (начин на регистрирање на системот на електронска аукција, начин на легитимирање на учесниците на електронската аукција) и

- услови под кои понудувачите ќе можат да наддаваат, а особено минималните разлики кои се дозволени во процесот на позитивно и негативно наддавање.

Член 16

Подготвителни работи за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство

Подготвителните работи за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ги спроведува концедентот или јавниот партнер.

Подготвителните работи вклучуваат особено:

- подготовка на извештај за претходна анализа за основните елементи на проектот кои се показатели за природата на договорот што треба да биде склучен со цел воспоставување на јавно приватно партнерство, имајќи ја предвид дефиницијата за јавно приватно партнерство од овој закон;

- изработка на физибилити студија за оправданост на доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство;

- проценка на влијанието врз животната средина на концесијата на добра од општ интерес или на јавно приватното партнерство; и

- други активности неопходни за спроведување на постапката.

Владата на Република Македонија ја пропишува содржината на физибилити студијата за оправданост на концесијата на добра од општ интерес или на јавно приватното партнерство.

Член 17

Започнување на постапка

За започнување на постапка за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, концедентот или јавниот партнер донесува одлука за започнување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Одлуката од став 1 на овој член ја донесува концедентот или јавниот партнер врз основа на студијата од член 16 став 2 алинеја 3 на овој закон.

Кога концедент или јавен партнер е Република Македонија одлуката од став 1 на овој член ја донесува Владата на Република Македонија, по предлог на министерот

надлежен за областа во која се доделува јавно приватно партнерство или концесија.

Кога концедент или јавен партнер е општината, градот Скопје или општината во градот Скопје, одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува советот на општината, советот на градот Скопје или советот на општината во градот Скопје, по предлог на градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје или градоначалникот на општината во градот Скопје.

Кога јавен партнер е еден од субјектите од член 4, точка 5, алинеи 3 и 4 на овој закон, одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува органот на управување, а на истата согласност дава основачот.